Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и Сл. Весник на РМ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Министерство за транспорт на ден____________ година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на пропратна содржина Јама 6.1 и Отпадна област 6.1 на патен коридор 10 Д, делница на Автопат: Прилеп-Битола, локалитет „Топлица", Општина Прилеп** кој го донесува Министерството за транспорт, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на **Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на пропратна содржина Јама 6.1 и Отпадна област 6.1 на патен коридор 10 Д, делница на Автопат: Прилеп-Битола, локалитет „Топлица", Општина Прилеп** Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. „Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Општина Прилеп, Општина Могила и Општина Битола, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Изградбата на патен Коридор 10д, Делница на автопат: Прилеп-Битола, со пропратните содржини согласно проектното решение го прати постојниот пат кој што асфалтиран и во употреба, додека теренот, на целиот дел на трасата е рамничарски и се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој. Со цел да се максимизира употребата на квалитетен материјал за потребите на изградба на патната делница, во непосредна близина на патниот коридор, како пропратна содржина, е вклучена локација за позајмиште (јама 6.1). Истото се предвидува во близина на трасата на автопатот со пристап преку постојна патна мрежа А1- Плетвар-Тројаци, со што се избегнува дополнително зафаќање на простори за градба.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Министер за транспорт

Александар Николовски

Бр. 67-1438/3

17.02.2026 година

Скопје